Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Броj 08-2160/1
28.09.2017 година
СКОПЈЕ

Согласно член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик (Сл. весник на Република Македонија бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017 и 125/2017) Државната изборна комисија на седницата одржана на 28 Септември 2017 година го донесе следното:

# УПАТСТВО

**За гласање на слепи лица и лица со оштетен вид**

**Член 1**

Општинската изборна комисија на секое гласачко место предава по еден шаблон за секое гласачко ливче на кој со помош на Браева азбука се отпечатени податоците согласно член 93, 94, 95, 96, 97 и 98 од Изборниот законик.

**Член 2**

Кога гласачот кој е слеп или со оштетен вид ќе пристапи на гласачкото место, избирачкиот одбор е должен да го информира гласачот дека постои можност да гласа со помош на шаблонот со Браевата азбука.

Шаблонот е изработен така да на слепото односно на лицето со оштетен вид му помогне да гласа самостојно и тајно.

**Член 3**

Откако ќе биде утврден идентитетот на слепото лице односно на лицето со оштетен вид, избирачкиот одбор го става гласачкото ливче во шаблонот со Браевата азбука и истото му го дава на гласачот кој е слеп односно со оштетен вид и му објаснува како може да го оствари своето право на глас.

Избирачкиот одбор на слепото односно на лицето со оштетен вид му објаснува дека после гласањето треба да го извади гласачкото ливче од шаблонот, да го преклопи гласачкото ливче и да го стави во кутијата за гласање, а шаблонот да го врати на избирачкиот одбор.

**Член 4**

Избирачкиот одбор после гласањето на слепото односно на лицето со оштетен вид го зема назад шаблонот со Браевата азбука и истиот го користи за гласање на следниот гласач кој е слеп односно со оштетен вид.

**Член 5**

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе биде објавено на интернет страната на Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

*Изработил: П. Бојчева*
*Одобрил: Д. Јанчев*